**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
бр.11-1041/10 од 10.11.2023 година
ЧУЧЕР САНДЕВО

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 147/08 и 45/11) Градоначалникот на Општина Чучер Сандево

О Р Г А Н И З И Р А

Јавен увид и консултација со јавноста по Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 - Лесна градежна индустрија – База за производство на асфалт на дел од КП 1322, КО Глуво Бразда, Општина Чучер-Сандево и пристапен пат на дел од КП 1323, КО Глуво Бразда, Општина Чучер-Сандево**

1. Се информира јавноста дека ставен е на увид и консултација со јавноста, Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животна средина за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.1 - Лесна градежна индустрија – База за производство на асфалт на дел од КП 1322, КО Глуво Бразда, Општина Чучер-Сандево и пристапен пат на дел од КП 1323, КО Глуво Бразда, Општина Чучер-Сандево**.
2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина може да се разгледа и во просториите на општина Чучер Сандево секој работен ден од 8 - 16 часот почнувајќи од 10.11.2023 година до 11.12.2023 година.
3. Консултацијата со јавноста ќе се одржи на ден 08.12.2023 година во општина Чучер Сандево, со почеток во 12.00 часот.
4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го достават своето мислење во врска со Извештајот до општина Чучер Сандево во рок од 30 дена на јавен увид.
5. Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина или истите можете да ги испраќате на е-маил: cucersandevo@yahoo.com, или по пошта на следната адреса: Општина Чучер Сандево, ул. 4 бр. 6, с. Кучевиште.

ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО
Градоначалник
Сашко Комненовиќ